Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 август 2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект **хотел Аустриан Палас,** со седиште на ул.Благоја Николовски бр.60а Скопје, ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, со период на важност од три години, сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија.

### Образложение

ДУТП Аустриан Палас 2022 ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Благоја Николовски бр.60а Скопје, поднесе Барање бр. УПI 13-146 од 11.4.2023 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел Аустриан Палас – Скопје, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Ивештај бр.УПI 13-146 од 4.5.2023 година, констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) звезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/06, 87/12 и 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), Владата на Република Северна Маледонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

Бр. 41-5972/6
29 август 2023 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Северна Македонија

д-р Димитар Ковачевски

Подготвил: Тања Поповска, самостоен референт
Проверил: Катерина Јаневска, раководител на одделение
Никола Пасков, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Снежана М. Пендовски, државен советник
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата